Бр. 10-179

Скопје: 11.12.2025

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 10 и член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија” бр. 145/10), а постапувајќи по Известувањето за планирано доделување помош доставено од страна на Министерството за финансии бр. 15-10684/1 од 10.12.2025, на седницата одржана на 11.12.2025 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Предлог на Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје (АД ЕСМ – Скопје), претставува **државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, која како **индивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2) од Законот за контрола на државната помош ја доделува Министерството за финансии и чие доделување е **дозволено** согласно член 8 став (2) точка б) од Законот за контрола на државната помош бидејќи се работи за помош наменета за унапредување на остварувањето на проекти од значаен економски интерес за Република Македонија.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош (во натамошниот текст „Закон”), Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст „КЗК”) е надлежна за оцена и надзор на секој облик на државна помош.

Секој давател на државна помош, дефиниран во член 6 став (1) од Законот е должен, согласно член 13 став (1) од Законот, до КЗК да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Во врска со Предлог на Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје (во натамошниот текст ,,Предлот Закон”), Министерството за финансии со допис бр. 15-10684/1 од 10.12.2025 година (Наш бр. 10-179 од 10.12.2025 година) достави Известување за гаранцијата која се дава на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје (во натамошниот текст ,,АД ЕСМ Скопје“) од страна на Владата на Република Северна Македонија преку Министерството за финансии во согласност со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 142/11).

Во прилог на Известувањето со допис бр. 15-10684/1 од 10.12.2025 година од страна на Министерството за финансии беа доставени Предлог на Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитна банка за обнова – КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Договор за заем кој треба да се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и АД Електрани на Северна Македонија (АД ЕСМ – Скопје), Скопје, за 60.000.000 евра Проект за Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и Проект за ревитализација на хидроелектрани – дополнително финансирање, и Договор за гаранција кој треба да се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии.

КЗК оцени дека Известувањето доставено од страна на Министерството за финансии е уредно и ги содржи сите податоци предвидени во член 14 став (1) од Законот односно дека таквото известување по форма и содржина е во согласност со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за

доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош (во натамошниот текст ,,Уредба”).

КЗК при испитувањето на известувањето ја утврди следната фактичка состојба:

- **Давател на државна помош е:** Владата на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии
- **Корисник на државната помош е:** Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје
- **Правен основ за доделување на државната помош** претставува правниот акт врз основа на која се доделува помошта – Предлог на Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитна банка за обнова – КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателите на државната помош претставува државна помош, се оценува на кумулативен начин исполнувањето на четирите следни критериуми:

- таквата мерка да опфаќа потенцијален или реализиран расход на државни средства ;
- да биде селективна ;
- да претставува економска поволност за примателот и
- да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

Според КЗК, Владата на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии, доделува државна помош во вид на индивидуална гаранција на АД ЕСМ – Скопје.

КЗК утврди дека Предлог Законот претставува државна помош заради фактот што:

- опфаќа потенцијален расход на државни средства бидејќи во член 1 од Предлог Законот е предвидено дека Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за финансирање на Проектот за Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична

енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во износ од 60.000.000 евра, доколку Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

- селективноста се гледа во фактот на одредување само на еден економски оператор – АД ЕСМ Скопје, кој ја добива гаранцијата ;
- претставува поволност за примателот бидејќи со таквата доделена државна помош му се овозможува економска предност на пазарот споредено со другите конкуренти кои нема да добиваат таков вид на помош и
- таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата затоа што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на АД ЕСМ- Скопје.

Во овој случај при испитувањето на дозволеноста на доделувањето на државната помош, а согласно член 3 став (3) од Законот, КЗК ја применува Белешката на Европската Комисија за примена на членовите 87 и 88 од Договорот на Европската Комисија за државна помош во форма на гаранции (Commission Notice on the application of Article 87 and 88 of the EC Treaty to State aid in the form of guarantees – EUR-Lex – 52008XC0620 (02) – во натамошниот текст Белешка).

Оценката на државната помош од страна на КЗК е заснована на точката 3.2. од Белешката (индивидуални гаранции). Во ова точка, преку исполнување на одредени услови, е наведено како се одредува дали постои или не постои државна помош во издадената гаранција. Исполнувањето на условите наведени во точката 3.2. од Белешката не подразбира државна помош за дадената државна гаранција, ако: а) претпријатието не е во финансиски потешкотии ; б) обемот на гаранцијата може правилно да се измери во моментот кога ќе се дава (гаранцијата мора да биде поврзана со одредена финансиска трансакција, за фиксен максимален износ и ограничен во време) ; в) гаранцијата не опфаќа повеќе од 80% од заостанатиот заем или други финансиски средства (како што ќе се намали долгот и гаранцијата да не покрива повеќе од 80% од заостанатиот заем или финансиската обврска), при што постои исклучок за претпријатија кои извршуваат услуги од општ економски интерес и г) дадената гаранција треба да се надомести со соодветна премија.

Со оглед на тоа дека во овој случај не се исполнети последните два услови, КЗК оценува дека во случајот се работи за државна помош во смисла на член 5 од Законот за контрола на државната помош.

Во врска со Проектот за фотонапонска електроцентрала Битола 3 во Известувањето е наведено дека со истиот се очекува да се добие зголемување на

инсталираната моќност од обновливи извори на енергија од минимум 134 MWdc, како и зголемено производство на електрична енергија од околу 175 GWh годишно. Со имплементација на проектот ќе се зголеми учеството на обновливи извори на енергија во земјата со што ќе се придонесе за исполнување на стратешките определби и обврските согласно меѓународните договори за учество на обновливите извори на енергија и тоа:

- инсталиран капацитет на фотонапонска електроцентрала Битола 3 – 134 MWdc, при што просечното годишно производство на електричната енергија ќе изнесува околу 175 GWH
- ќе се уредат околу 200ha земјиште во кругот на рудникот во РЕК Битола, за кое АД ЕСМ има обврска за рекултивација.

Понатаму е наведено дека преку зголемување на учеството на обновливите извори за производство на енергија со овој проект, би се компензирале годишни емисии на CO2 доколку оваа енергија би се произвела од термоелектраните и тоа:

- 130.000t – за инсталиран капаците од 134 MWdc и
- просечно годишно производство на електрична енергија од електроцентралата од 175 GWh.

Имплементација на Проектот за Фотонапонска електроцентрала Битола 3 ќе придонесе кон економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого. Исто така ќе се овозможи поттикнување на енергетската ефикасност, обезбедување енергетска сигурност и стабилност преку раст на инвестициите во енергкетскиот сектор. Со оглед на фактот што во Република Северна Македонија има високо ниво на загадување на воздухот, посебно во регионот Битола, поради согорувањето на дрва, нафта и фосилни горива во кругот на РЕК Битола, со реализација на овој проект ќе се овозможи заштита на животната средина и одржливо користење на природните ресурси, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени, преку искористеност на сонцето како обновлив извор на енергија. Воедно ќе се обезбеди поголема енергетска сигурност и независност, како и стабилност преку раст на инвестициите во енергетскиот сектор и зголемување на учеството на обновливите извори на енергија во финалната потрошувачка. За реализација на проектот се предвидува заем од КфВ во износ до 50 милиони евра, обезбедни со државна гаранција.

Во врска со Проектот за ревитализација на хидроелектрани во Известувањето е наведено дека се предвидува заем од КфВ во износ од 10 милиони евра наменет за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани

и со кој ќе се придонесе целосно да се искористи  водениот потенцијал на постојните хидроелектрани, да се изврши модернизација на дотраената опрама со нова, зголемување на моќноста на агрегатите, да се добие што поголемо производство, да се намалат тековните трошоци за одржување и како крајна цел да се зголеми сигурноста и стабилноста на целиот електроенергетски систем во Република Северна Македонија. Ревитализацијата на постројките ќе резултира со зголемување на производствениот капацитет за дополнителни 13,5 MW (3,5 MW во ХЕ Врбен со замена на турбинската опрема и 10 MW во ХЕ Тиквеш со замена на трансформаторите) и дополнително производство на електрична енергија од околу 47,5 GWh/годишно. Исто така ревитализацијата вклучува мерки насочени кон зголемување или одржување на оперативната безбедност на постојните хидроелектрани. Животниот век на хидроелектраните ќе се пролонгира и со тоа се обезбедува нивно сигурно балансирање и обезбедување на електрична енергија во електроенергетскиот систем на државата. Дополнително, новата опрема ќе гарантира подобра ефикасност и зголемување на производството на електрична енергија, без да влијае на режимот на вода. Проектот е исто така усогласен со заложбата за транзиција на чиста енергија, што значи намалување на увозот на енергија, развој на ОИЕ, зајакнување на регионалната енергетска безбедност, обезбедување на поголем економски раст и справување со постојните предизвици со загадувањето.

Имајќи го предвид горенаведеното, со реализација на овие проекти, се дава голем придонес кон остварувањето на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија утврдени со Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година (,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 177 од 26.08.2024 година). Активностите поврзани со овој проект се во насока на исполнување на целите предвидени со стратешките документи: Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028 година, Инстумент за реформи и раст на Западен Балкан, Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027 година и Национална Развојна Стратегија 2024-2028 година.

Во член 1 од Предлог Законот за гаранција, Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за финансирање на Проектот за Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот ревитализација на хидроелектрани кој ќе се склучи  меѓу Кредитна банка за обнова – КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во износ до 60.000.000 денари, доколку АД ЕСМ – Скопје, не ги исполнува и сервисира

обврските од Договорот за заем. Доколку се случи АД ЕСМ Скопје да не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем, трошоците по однос на истото ќе бидат подмирени од Буџетот на Република Северна Македонија. Рокот за отплата на заемот е 12 години, со вклучен грејс период до три години. Заемот ќе се отплаќа во полугодишни рати кои ќе пристигнуваат за плаќање на 15 мај и 15 ноември.

Од горенаведеното КЗК заклучи дека Предлог Законот претставува државна помош согласно член 5 став (1) од Законот заради фактот што таквата доделена помош подразбира расход на државата и истата ја нарушува или може да ја наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на определено претпријатие која не би била можна без доделената државна помош или преку фаворизирањето на производството на одредени стоки или давањето на одредени услуги. Ваквата државна помош доделена од страна на Министерството за финансии е дозволена во смисла на член 8 став (2) точка б) од Законот, бидејќи се работи за помош наменета за унапредување на остварувањето на проекети од значаен економски интерес за Република Македонија.

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на решението.

Согласно член 26 став (3) од Законот за контрола на државната помош, тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кого Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Силјановска - Николиќ**